

# „ШЕФИЛД“ ИМА 850 ДИПЛОМЦИ ОД МАКЕДОНИЈА

Универзитетот „Шефилд“ е прогласен за најдобро место за студирање според истражувањата на „Тајмс хајр едјукејшн“, покажува анкетата спроведена за оценување на искуствата на студентите.

Како дел од својот професорски кадар, Универзитетот има пет добитници на Нобелова награда во различни полиња.

Инаку, „Шефилд“ има шест академски факултети, пет факултети се наоѓаат во Велика Британија, а „Сити колеџот“ е шестиот, односно Меѓународниот факултет што се наоѓа во Солун.

Оттаму соопштуваат дека на „Сити колеџот“ се развиени четири академски оддели: бизнис, администрација и економија, психологија, компјутерски науки и студии по англиски јазик, преку кои се нудат повеќе од 25 различни програми за додипломски и постдипломски студии, постдипломски студии на извршно ниво (Executive MBA) и докторски студии.

- Со цел што поголема промоција на истражувањето и искористување на придобивките од истото, во склоп на „Сити колеџот“ е основан и Центарот за истражување на Југоисточна Европа (SEERC). Центарот за истражување, исто така, спроведува и докторски студии од Универзитетот „Шефилд“, при што кандидатите имаат можност директно да бидат вклучени во значајни проекти финансирани од Европската унија, што претставува дополнителен мотив за нив - изјави д-р Никос Захарис, директор на Центарот за истражување на Југоисточна Европа.

Во Република Македонија има повеќе од 850 дипломци од овој универзитет. Под академска надлежност на „Шефилд“ и Меѓународниот факултет - „Сити колеџ“ е Академијата за менаџери во Скопје, која постои веќе две години и нуди доедукација на постдипломско ниво преку студиски програми од Универзитетот „Шефилд“.

